# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УЧЕНИЧКИОТ СТАНДАРД

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.41 од 27.02.2014 година**

**Член 1**

Во Законот за ученичкиот стандард („Службен весник на Република Македонија" број 52/2005, 117/2008, 17/11, 135/11 и 15/13), по членот 33 се додаваат четири нови члена 33-а, 33-б, 33-в и 33-г, кои гласат:

**„Член 33-а**

Во ученичките домови работните места на вработените се:
- административни службеници,
- даватели на јавни услуги во високообразовните установи и
- помошно-технички лица.

**Член 33-б**

Вработените во ученичките домови кои вршат работи од административна природа имаат статус на административни службеници.
За вработените од ставот 1 на овој член се утврдуваат следниве категории и нивоа на работни места:
- категорија В - стручни
- ниво В1 советник (советник за нормативно-правни работи, сметководител и други),
- ниво В2 виш соработник (виш соработник за нормативно правни работи и виш соработник-секретар-благајник и други) и
- категорија Г - помошно-стручни
- ниво Г1 самостоен референт (самостоен референт за административни работи, за јавни набавки, за сметководствени работи, благајник, магационер и други).

**Член 33-в**

Вработените во ученичките домови кои вршат стручни работи имаат статус на даватели на јавни услуги во ученичките домови и за нив се применуваат одредбите од овој закон, одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор и општите прописи за работни односи.
За вработените од ставот 1 на овој член категориите и нивоата на работни места се утврдуваат со Законот за основното образование и Законот за средното образование.

**Член 33-г**

Вработените во ученичките домови кои вршат помошно-технички работи, имаат статус на помошно-технички лица и за нив се применуваат одредбите од овој закон, Законот за вработените во јавниот сектор и општите прописи за работни односи.
За вработените од став 1 на овој член се утврдуваат следниве подгрупи, категории и нивоа на работни места:
- подгрупа 1 категорија А ниво А1 хигиеничар, ложач на парни котли, работник за одржување на домот, градинар, хаус мајстор и други,
- подгрупа 2 категорија А ниво А1 чувар, портир и други,
- подгрупа 4 категорија А ниво А1 главен готвач, готвач, помошник готвач садомијач, работник во кујна и други и
- подгрупа 5 категорија А ниво А1 работник во магацин, курир и други.

**Член 33-д**

Директорот по претходно мислење на Министерството за информатичко општество и администрација и претходна согласност од Министерството за образование и наука донесува годишен план за вработување во ученичките домови за следната година, согласно Законот за вработените во јавниот сектор.‟

**Член 2**

Во членот 62 ставот 2 по зборот „училиште‟ точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „во моментот на избирањето со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност, да поседува еден од следните меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години: ТОЕФЕЛ ИБТ - најмалку 74 бода, ИЕЛТС (IELTS) најмалку 6 бода, ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво, ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) – положен, БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2) и да има положено психолошки тест и тест за интегритет.‟

**Член 3**

Во членот 64 ставови 1 и 2 точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборовите: „во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Македонија од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.‟

Во ставот 3 зборовите: „во јавните гласила‟ се бришат.

**Член 4**

Директорите на ученичките домови избрани до денот на започнувањето на примената на членовите 2 и 3 од овој закон продолжуваат да ја вршат функцијата до истекот на мандатот за кои се избрани.

**Член 5**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за ученичкиот стандард.

**Член 6**

Одредбите од членот 1 од овој закон ќе започнат да се применуваат со денот на започнувањето на примената на Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија‟ број 27/14) и Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија‟ број 27/14).

Одредбите од членовите 2 и 3 од овој закон ќе започнат да се применуваат по една година од денот на влегувањето во сила на овој закон, освен одредбите од членот 2 од овој закон кои се однесуваат на условот за познавање на странски јазик кои ќе започнат да се применуваат по две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 7**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија‟.